СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ЕЛИЗАБЕТА ЗЕЛЕНИКОВСКА

за Петровец



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„Да изградиме урбана општина со современа инфраструктура, чиста животна средина, образовно и културно развиена и со еднакви можности за сите."

**Почитувани сограѓани,**

Како жена којашто својот живот го поминува во Петровец, како ваша сограѓанка и активен член на заедницата, ги познавам предизвиците со кои се соочуваме, но и огромниот потенцијал што го има нашата општина.

Отсекогаш сум верувала дека Општина Петровец е повеќе од рурална општина, таа е наш дом, наше секојдневие, наш живот.

Стојам пред вас со силна мотивација и јасна цел да ја водам општина со нова енергија во нова ера на развој, бидејќи Петровец може подобро.

Општината не е бизнис, за мене таа е битие, енергија што секојдневно и од целата општинска администрација треба да е насочена кон ефикасно и брзо решавање на потребите и проблемите на сите граѓани. Нема голем и мал проблем - има решение за секој проблем.

Мојот досегашен општествен ангажман го работев чесно и без исклучок за сите. Работев посветено на поврзување на институциите со граѓаните, знаејќи дека вистинската сила на заедницата е во заедништвото. Сето тоа искуство денес го ставам во функција на новата иднина на Општина Петровец.

Мојата визија е да ги ставиме на виделина сите потенцијали на Петровец и да изградиме урбана општина со современа инфраструктура, чиста животна средина, образовно и културно развиена и со еднакви можности за сите. Ќе вложуваме во реконструкција на патишта, во нови водоводни и канализациски системи, подобро осветлување и уредување на јавните простори, пречистителни станици. Ќе отвориме повеќе можности за младите училишта со современи услови, спортски игралишта и културни центри. Земјоделците и локалните бизниси ќе добијат реална поддршка, затоа што тие се двигателот на нашата економија. Ќе го развиваме туризмот затоа што Општината има потенцијал за повеќе видови туризам - адреналински, бањски, ловен, риболовен, спортско-рекреативен, културно-историски, екотуризам, ќе направиме спој на природното и урбаното, а минатото ќе го ставиме во функција на иднината за подобро утре на секое дете!

Во името на сето ова, ве повикувам да ми ја дадете вашата поддршка затоа што заедно можеме повеќе - време е! Со нова енергија за нова иднина за Петровец!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Петровец

Почитувани сограѓани,
Нашиот тим на кандидати за Советот на Општина Петровец доаѓа со јасна цел да работиме исклучиво во интерес на граѓаните. Составени сме од луѓе со различни професии и искуства, обединети од заедничката визија за подобра и помодерна општина. Ќе се залагаме за развој на инфраструктурата, уредена и чиста животна средина, поголеми можности за младите, како и вистинска поддршка за земјоделците и локалните бизниси. Нашата сила е во заедништвото и чесната работа.
Со СДСМ – Петровец чекори напред!

1. Гордана Цветковска Маневска, р. 1994, правен техничар, СДСМ
2. Рамиз Дураковиќ, р. 1965, дипломиран политиколог, СДА
3. Бојан Трајчевски, р. 2004, студент, СДСМ
4. Гилтен Османовска, р. 1982, економски техничар, СДСМ
5. Александар Џуковски, р. 1974, ССС, СДСМ
6. Оливера Спасевска, р. 1973, ССС, СДСМ
7. Михајло Маневски, 1950, пензионер, СДСМ
8. Марика Василева, 1951, професор во пензија, СДСМ
9. Крста Стојковиќ, р. 1958, пензионер, СДСМ
10. Јованка Јосифовска 1964, ССС, СДСМ
11. Игор Почепов, р. 1978, ССС, СДСМ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на локална улуца 'Ржаничино - Ќојлија 1780 метри, вредност 12.100.741 денар.
- Изградба на ул. бр „9" во 'Ржаничино, 800 метри долга, вредност 2.083.321 денар.
- Реконструкција на улица „3" и ул. „5" во 1472 метра должина, со вредност од 15.938.000 денари.
- Изградба на мост на реката Пчиња во Долно Коњари долг 133,20 метри, широк 8 метри, со 2 тротоара во вредност од 66.565.000 денари.
- Рехабилитација на регионален Р1102 пат Ржаничино – Катланово во износ од 33.980.000,00 денари.
- Изведба на атмосферска канализација на ул. „18", улица „20" и крак од улица 1 во износ од 22.906.526,00 денари.
- Изведба на фекална канализација на ул бр. „6" во вредност од 22.905.504,00 денари.
- Изведба на проект за фекална канализација во Горно Коњари во вредност од 2.203.959,00 денари.
- Изведба на пешачка патека од раскрсница во Петровец до бензиска пумпа „Макпетрол", десна страна со електрични канделабри.
- Реконструкција, асфалтирање на ул. „18" и „20" во Петровец.
- ОВА СЕ ПРОЕКТИ ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ВО ИЗМИНАТИТЕ 8 ГОДИНИ

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Во изминатите години Општина Петровец беше сведок на многу празни ветувања што останаа само на хартија. Иако во предизборната кампања беа најавени големи инфраструктурни инвестиции, реалноста е поинаква. Културниот дом не се изгради, изградбата на детска градинка со сензорна соба е стопирана. Патиштата и локалните улици во многу населени места останаа дотраени, без соодветна реконструкција и нови решенија. Ветените канализациски и водоводни системи не се реализираа во целост, а тоа и натаму создава проблеми за домаќинствата. Исто така, младите беа оставени без вистинска поддршка, нема нови спортски и културни содржини, нема зелен парк и нема никаков социјален живот на младите.
- Образовните институции функционираат со минимални подобрувања, родителите уште чекаат на слободни места за своите деца во градинка, а услугите од општинската администрација често зависат од ангажман на посредници, особено во делот за урбанизам, градба и легализација на имотот.
- Инфраструктурно, општината не може да ја следи забрзаната урбанизација, има сообраќаен хаос во текот на денот, а со тоа и зголемен ризик за безбедноста на граѓаните.
- Депонијата во Петровец во близина на гробиштата го руши достоинството на секој петровчанец.
- Општината не ја исполни ниту обврската за поголема транспарентност и отчетност. Граѓаните останаа без јасен увид во седниците на Советот, во трошењето на буџетските средства и реализацијата на проектите, затоа што седниците не се пренесуваат во живо. Сето ова ја покажува потребата од нова енергија, нова визија и чесно раководство што ќе работи за интересот на сите жители на Петровец.



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Оваа кандидатура за мене не е амбиција, оваа кандидатура за мене е обврска да бидам мостот преку кој граѓаните од веќе видено ќе преминат во ново раководење со општината. Мојата најголема мотивација е да ја ставам својата енергија, знаење и искуство во служба на граѓаните и да покажам дека локалната самоуправа може да функционира чесно, отчетно и ефикасно. Да покажам дека градоначалникот не е власт, туку слуга на народот, да докажам дека градоначалникот не дели, туку има капацитет да обединува. Младите сакаат динамика, брзи промени, приспособување кон новите трендови, но за жал, такво нешто во последниве 16 години не гледаат. Мислам дека крајно време е за нови нешта, нова енергија, нови принципи на дејствување ако сакаме да го задржиме интересот на младата популација, која сѐ почесто мигрира и емигрира.

- **Колку е важно да се има визија за општината?**

Без визија, нема развој. Визијата за општината мора да биде дел од поширока визија за општеството – предвреме да се визуелизираат проектите и навремено да се отстранат препреките. Моја визија се уредени населби, силна локална економија и современи јавни услуги. Така се создава основа за подобро функционирање и за напредок во општината.

- **Што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е основа, но не е доволна. Во следниот мандат мора да вложиме во образованието, младите, културниот и социјален живот, кој во моментов не постои, поголема поддршката на земјоделците, пензионерите и граѓаните што се во социјален ризик, да се грижиме за здравјето на граѓаните, да ја подобриме општата и сообраќајната безбедност,



поголема заштита на животната средина и природните богатства, решавање на проблемот со депониите, да се стимулираат граѓаните со проекти како – моето маало без депонија, мојот балкон има најубави цвеќиња, куќа со најуреден двор, најсредена улица, да им дадеме значење на трудољубивите и чекор по чекор афирмативно да ја внесеме естетиката

во нашата околина. Само така ќе има вистинска промена.

- **Колку се важни младите?**

Младите се иднината на Петровец. Ако не им дадеме шанса тука, тие ќе ја бараат надвор. Затоа младите ќе бидат носители на идниот развој на општината, тие ќе бидат во центарот на активностите. Ќе вложуваме во спортски и културни содржини, во обуки и програми за самовработување и иновации. Ќе им дадеме шанса да партиципираат во општината како младински совет, ќе ги акумулираме и канализираме нивните проблеми и потреби и ќе ги направиме партнери во управување со општината.



- **Како гледате на општата безбедност?**

Безбедноста е темел на сигурен живот. Потребно е подобро улично осветлување, видеонадзор на клучни локации и соработка со МВР и локалните заедници за превенција на криминалот. Сообраќајната безбедност е намалена и е потребна итна реакција во врска со безбедноста, имајќи предвид дека

низ општината поминува регионалниот пат R1102.

- **Колку се важни планирањето и мобилноста?**

Добро урбанистичко планирање и модерна мобилност се клучни за квалитетен живот. Потребни се нови сообраќајни решенија, уредени јавни површини и одржлив транспорт.

- **– Што со загадувањето и депониите?**

Не сме осудени да живееме во загадување. По лоцирањето на некои константно илегални депонии коишто им се добро познати на сите преку Советот на општината, ќе предложам проект моето маало без депонија, а за постојната депонија во Петровец ќе предложам засадување високи зимзелени дрвја како зелен ѕид во интерес на достоинството на посетителите и церемониите на селските гробишта. Сите јавни површини ќе бидат хортикултурно решени со соодветни дрвја и растенија и, се разбира, нивна нега и одржување во сите временски услови. Потребна е и контрола на емисиите и промовирање чисти извори на енергија.

- **Дали може да ја вратиме довербата на граѓаните?**

Да. Со транспарентност, отворени седници, јавни консултации и отчет за секој денар потрошен од буџетот. Ќе создадеме општина што е блиску до граѓаните, а не затворена во кабинетите.

- **Како да ги задржиме луѓето?**

Со нови работни места, поддршка на семејствата и создавање услови за достоинствен живот. Ако младите гледаат перспектива тука, тие ќе останат.



- **Зошто граѓаните да гласаат за вас?**

Затоа што јас нудам чесност, работа и визија. Не ветувам невозможни работи, туку реални проекти што ќе го подобрат секојдневието на младите, жените, мажите, т.е. на сите луѓе од сите етникуми што живеат на територијата на Општина Петровец. Јас сум подготвена да бидам првата жена градоначалник што ќе работи без исклучоци за сите граѓани на Петровец.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Нашата визија за Општина Петровец се темели врз граѓаните – секој човек е важен, а заедничките интереси на целата заедница се основа за развој. Во следниот мандат ќе вложуваме во активности и проекти што ќе го подобрат секојдневието на жителите, со посебен фокус на младите, жените, пензионерите и семејствата, како и на сите аспекти од јавниот живот, од образованието и културата до спортот, транспортот и животната средина.

- **Млади**

Младите се иднината на нашата општина. Ќе воведеме програми за младински активности, креативни работилници и обуки за дигитални вештини. Во училиштата ќе создадеме подобри услови за учење – современи кабинети, лаборатории и библиотечни простории. Ќе поддржуваме спортски клубови и клубови за уметност, како и локални стартап-иницијативи за млади претприемачи. Планираме и летни кампови, конкурси и натпревари што ќе ги стимулираат иновациите, културата и волонтерството меѓу младите. Ќе се востанови фонд за млади уметници со цел развој на културата и уметноста во општината, да се промовира културата и да се создадат можности за кариерен и професионален развој на младите уметници. Оваа мерка би опфатила финансирање уметнички проекти од областа на музиката, сликарството, прозата и поезијата, театарот. Поддршка при организации на изложби, концерти и културни настани - организирани од страна на млади и доделување годишни награди за најдобри млади уметници. Понатаму општината ќе изработи програма за ментално здравје во соработка со НВО и со локални психолози со цел да се намалат психолошките предизвици со кои се соочуваат младите, а воедно да се зголеми нивната емоционална стабилност. Со таа цел редовно ќе се организираат работилници за справување со стрес, анксиозност, работилници за личен и кариерен развој. Ќе воведеме субвенционирање на млади за возачки испит за Б-категорија на млади лица од 18 до 25 години коишто се невработени, а се лица од социјално загрозени семејства, еднородителски семејства и самохрани семејства, студенти. Ќе ги наградуваме со еднократна парична награда и учениците на генерација во основните училишта.

- **Жени**

Жените се клучни за развојот на семејството и заедницата. Ќе воведеме програми за поддршка на жени во бизнисот и самовработувањето, едукации за финансиска и дигитална писменост, како и бесплатни советувалишта за кариера, здравјето на жената и ментално здравје. Во соработка со локалните

организации, ќе создадеме клубови и простори за социјални активности, спорт и култура, со цел жените да имаат еднакви можности за учество во општествениот и економскиот живот. Во рамките на тенденцијата да се збогати социјалниот живот на сите возрасти жени во нашата општина ќе организираме базари, саеми коишто ги промовираат локалните традиции, како што гастрономски, етно, ракотворби и сл.

- **Пензионери**

Пензионерите заслужуваат достоен и активен живот. Ќе воведеме дневни центри за пензионери со организирани културни, образовни и спортски активности. Ќе обезбедиме достапни превозни услуги и редовни здравствени проверки. Специјални социјални програми ќе се фокусираат на намалување на изолацијата и поттикнување волонтерски активности, како и учество во локалните иницијативи.

- **Образование**

Образованието е темел на развојот. Планираме реконструкции и модернизација на училиштата и градинките, воведување современа информатичка и дигитална инфраструктура, како и дополнителни едукативни програми за наука, уметност и спорт. Ќе се создадат можности за едукативни патувања, натпревари и проекти со локални и национални институции.

- **Култура и спорт**

Ќе развиваме локални културни центри и библиотеки во рамките на културниот дом, ќе ја збогатиме културната програма, ќе воспоставиме нови културни политики, субвенционирање на професионалниот кадар за работа со музички, фолклорни и други креативни групи, промовирање на традицијата, локалните уметници и за првпат ќе востановиме фестивал со називот ПЕТРОФЕСТ како покровител на настани, како што се фестивал на храната, фестивал на медот, фестивал на етничките заедници, музички фестивали и сл. Во спортот ќе инвестираме во реконструкција на спортските сали, терени и отворени спортски површини, со програми за сите возрасни групи. Ќе се стимулира учество во спортски активности, турнири и здруженија за здрав и активен живот. Преку создавање услови за развој на спортот преку изградба и менаџирање на спортски објекти, изградба на систем за соларно затоплување на спортски сали, изградба и монтажа на статични маси за пинг-понг, изградба и уредување на јавни плажи на реката Пчиња, поддршка на спортот и спортските клубови во општината, изградба на фитнес-зона со справи за рекреација на простор од 50 м2 со околу 10 справи за различен тип вежбање, изградба на мултифункционален спортски терен според европски стандарди

за рекреација и спортување на повеќе спортови: фудбал, ракомет, кошарка, одбојка и др.

- **Транспорт и инфраструктура**

Ќе се обезбеди редовно и безбедно функционирање на јавниот транспорт и сообраќајната инфраструктура, со акцент на подобрување на локалните патишта и пешачките патеки. Планираме развој на велосипедски патеки и одржливи сообраќајни решенија коишто ќе го намалат метежот и загадувањето. Ќе ги задоволиме барањата на граѓаните за воспоставување на стариот возен ред на сообраќајните линии на автобусите 52, 53, 62, 68,6 9, за да може да се избегнат енормните метежи на кој секојдневно се изложени граѓаните особено во периодот кога одат и се враќаат на училиште учениците. Граѓаните заслужуваат достоинствен и често достапен превоз. На регионалниот пат ќе се постави вертикална и хоризонтална сигнализација, предупредувачи за брзина, радари, светлосни сигнали за пешачките премини, флуоросцентни пешачки премини, ребрести предупредувачки легнати полицајци пред и по основното училиште „Кочо Рацин" и знаци за ограничување на брзината на 30 км на час.

Хумана урбанизација е планско градење со заштита на јавниот интерес согласно со уставните принципи за хумано живеење и почитување на сечија сопственост. Нема да може да има нова градба без соодветно сообраќајно решение и доволно паркинг простор

- **Животна средина и чистота**

Чистата животна средина е основно право. Ќе се справиме со дивите депонии, ќе воведеме систем за селекција на отпадот и редовно одржување на јавните простори. Озеленувањето, поставувањето урбана опрема и контрола на емисиите од индустријата и домаќинствата ќе бидат приоритети. Ќе промовираме еколошки програми и волонтерски акции за подигање на свеста за одржлив живот со повисоко ниво на комунален ред и комунални услуги, расчистување на дивите депонии и утврдување одговорност за нивно создавање, обезбедување соодветна комунална опрема за селектирање отпад и нејзино редовно празнење, замена на постојните дотраени контејнери и канти и, воведување нови услуги, како подигање кабаст и инертен отпад, воведување обврска на јавните институции, правните и физичките лица да се грижат за јавната чистота во периметар од најмалку 5 метри околу својот простор. Животната средина ќе ја заштитиме и со превенција на експлоатација на реките, шумите и минералните богатства.

- **Социјални услуги и вклучување на граѓаните**

Директната граѓанска вклученост ќе биде синоним за демократијата во Општина Петровец, а една од мерките е воведување онлајн платформа за реално влијание преку која граѓаните ќе одлучуваат за конкретни проекти, на пример, на која

улица да ѝ се даде приоритет за реконструкција. Вклученоста на граѓаните ќе се обезбеди и со обезбедување телефонска линија за брзи интервенции или онлајн формулар каде што граѓаните ќе можат да пријават ситни проблеми, дупка на улица, прегорена светилка, искршена клупа, дива депонија, неиспразнет контејнер, а општинската администрација ќе има рок за дејствување 48-72 часа. Сите проекти и активности ќе бидат транспарентни и отворени за учество на граѓаните. Ќе организираме јавни консултации, форумите на граѓани и советодавни групи за млади, жени и пензионери. Општината ќе биде сервис на граѓаните – брза, отчетна и достапна.

Со овие активности и проекти, Општина Петровец ќе стане место со висок квалитет на животот, еднакви можности за сите граѓани и услови за иднината на нашите деца и млади. Чесно, одговорно и со визија ќе го изградиме Петровец, кој сите ќе го почувствуваме како наш дом.

## ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Нашата визија е земјоделството да стане гордост а не борба, а за да се оствари тоа, треба да се воспостави современо, одржливо и исплатливо земјоделство и сточарство, кое, пак, ќе го поттикне локалниот економски развој, земјоделците да имаат стабилни приходи, а младите да се мотивираат да останат во селата. Локалната самоуправа ќе биде активен фактор за оваа визија преку локални програми за развој на земјоделството и сточарството, поддршка за руралниот туризам, вклученост на младите земјоделци, жени земјоделци и мали земјоделски производства, со таа цел ќе ја модернизираме патната структура за пристап до нивите, ќе се вклучи тампонирање на полските патишта, што, пак, ќе овозможи помали загуби при транспорт на производите.

Руралниот развој и унапредувањето на земјоделството, сточарството и градинарството, како приоритет континуирано ќе ги унапредување преку отворање можности за доделување државно земјоделско земјиште, како и изнаоѓање начини за подобра информираност на граѓаните за подобро искористување на мерките од ИПАРД-фондовите.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Центар за култура и локален развој

Проектот предвидува изградба на модерен мултифункционален културен центар што ќе ги обединува културата, образованието и заедничките активности на граѓаните на едно место. Центарот ќе содржи современа конгресна сала, фитнес-зона, библиотека, училници и мултимедијален простор за изложби и работилници. Ќе обезбеди простор за младински и пензионерски клубови, како и канцеларии за стартапи и локални бизниси. Самиот центар ќе создаде нови можности за образование, спорт, култура и економски развој, значително ќе го подобри квалитетот на живот на граѓаните и ќе ја зајакне заедницата.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе ги обедини спортот, културата, образованието и бизнисот, создавајќи нови можности за сите граѓани и подобрувајќи го квалитетот на животот.

**Целна група:** Сите граѓани на Општина Петровец

**Рок на реализација** Март 2028

**Буџет** 5 милиони ден.

## Пречистителна станица за вода

Општина Петровец ќе добие нова пречистителна станица за третман на отпадните води, односно нова филтер-станица. Со изградбата на современа пречистителна станица што опфаќа и фотоволтаична централа и оперативен објект со што трајно се решава проблемот со отпадните води и ќе се намалат штетните влијанија врз животната средина и здравјето на граѓаните. Проектот предвидува контрола и мониторинг на системот, како и енергетски ефикасни технологии за заштеда на вода и енергија.

**Влијание на проектот:**

Овој капитален проект ќе обезбеди чиста вода, здрава животна средина и стабилна основа за натамошен развој на општината.

**Целна група:** Сите граѓани на Општина Петровец

**Рок на реализација** Крај на 2026 година

**Буџет** 10 милиони ден.

## Мултифункционален спортски центар



Проектот предвидува изградба на модерно мултифункционално спортско игралиште што ќе овозможи услови за повеќе спортови, вклучувајќи фудбал, кошарка, одбојка и тенис, за млади и возрасни. Игралиштето ќе има стандарди за локални натпревари, со безбедни и удобни површини, огради и осветлување за вечерни тренинзи. Предвидени се клупи и трибини за гледачи, простории за гардероба и тоалети. Дополнително, ќе се обезбедат рекреативни патеки и простори за физички активности и вежби на отворено. Проектот ќе поддржи локални спортски клубови, училишни тимови и организирање турнири и спортски кампови. Со реализацијата на игралиштето, Петровец ќе добие современ центар за спорт, рекреација и социјални активности што ќе ги поттикне граѓаните на здрав и активен живот и ќе го зајакне заедништвото преку спортот.

**Влијание на проектот:**

Поттикнување на граѓаните за физичка активност

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2028 година

# ПРОЕКТИ

## Пешачка и велосипедска патека опремена со улично паметно осветлување

Патеката е насушна потреба за сите категории граѓани што имаат потреба од спорт и рекреација затоа што би била трасирана на општински пат на потег Петровец – Огњанци, кој не е фреквентен како регионалниот, што значи ќе биде побезбедна за пешачење, возење велосипеди, а воедно им ќе овозможи на месното население, особено на младите од Огњанци подобра комуникација со другите населени места.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе обезбеди квалитетно поврзување на двете населени места и можност за поголема социјализација на жителите од Петровец и Огњанци.

**Целна група:**
Жителите на општина Петровец

**Рок на реализација** Октомври 2027

## Рурални патеки и мала инфраструктура за локални села во Петровец

Проектот предвидува уредување и асфалтирање на локални улици и патеки во руралните населби на Општина Петровец, со цел подобрување на пристапот до основните услуги и зголемување на безбедноста на граѓаните. Ќе се поправат и ќе се одржуваат критичните патни правци, ќе се постават сообраќајна сигнализација, тротоари и пешачки патеки за заштита на децата и возрасните. Предвидено е и монтирање улично осветлување на најкритичните точки, како и создавање пешачки и велосипедски патеки за промоција на здрав и активен начин на живот. Паралелно ќе се уредуваат јавни простори и зелени површини покрај патеките со клупи и места за одмор. Со реализација на проектот, руралните населби ќе имаат подобар пристап до училишта, здравствени установи и пазари, ќе се зголеми безбедноста на сообраќајот и ќе се поттикне активна и поврзана заедница.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на секојдневниот живот на граѓаните од руралните средини.

**Целна група:** Граѓани од рурални средини

**Рок на реализација** Почеток на 2026 година

**Буџет** 7 милиони

## Урбана зелена зона и рекреативен парк

Проектот предвидува создавање модерен јавен парк и зелена зона на подрачјето во населеното место Петровец во Општина Петровец, кој ќе овозможи простор за рекреација, културни активности и социјализација за сите граѓани. Паркот ќе содржи зеленило, тематски градини, дрвја и цвеќиња, детски игралишта. Предвидени се и отворени простори за концерти, изложби и фестивали, како и клупи и места за семејни и социјални активности. Со воведување системи за еконаводнување и енергетски ефикасно осветлување, проектот ќе поттикне одржлив развој. Паркот ќе ја подобри квалитетот на животот, ќе ги поврзе граѓаните и ќе создаде современа, здрава и активна заедница, а ќе биде и една од локациите на која ќе го промовираме ПЕТРОФЕСТ – како нова локална манифестација од повеќе области.

**Влијание на проектот:**
Паркот ќе обезбеди простор за рекреација и културни активности, ќе ги поврзе граѓаните и ќе го подобри квалитетот на животот во општината.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** Крај на 2027

**Буџет** 10 милиони ден.

## Модерна детска градинка

Проектот предвидува до изградба и опремување на детската градинка со сензорна соба, како и доопремување на постојната детска градинка во Општина Петровец, која ќе обезбеди безбедна, креативна и едукативна средина за децата. Градинката ќе има простории приспособени за различни возрасни групи, современи училници и игралишта, како и надворешни и внатрешни спортски содржини за физичка активност. Предвидени се едукативни програми за развој на когнитивни, социјални и креативни вештини, како и зелени површини за активности на отворено. Особено внимание е посветено на здрава и безбедна средина, хигиена и исхрана. Градинката ќе овозможи продолжено работно време и програми за родителска поддршка, олеснувајќи го секојдневието на семејствата и поттикнувајќи развој на децата во сите аспекти на нивниот раст и образование.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе обезбеди безбедна и креативна средина за развој на децата, ќе го олесни секојдневието на родителите и ќе ги поддржи воспитно-образовните потреби на општината.

**Целна група:** Родителите со мали деца

**Рок на реализација** Почеток на 2028

**Буџет** 20 милиони ден.

## Детска градинка - клон

Изградба на детска градинка во населено место Долно Коњаре, клон на општинската детска градинка „Авионче“.

### Влијание на проектот:

Позитивно влијание на раниот развој на децата од 4 населени места: Долно, Средно, Горно Коњаре и Сушица. Родителите ќе можат да ги згрижат своите деца и да го користат автопатот за поврзување со градот Скопје.

### Целна група:

Жители од 4 населени места во Општина Петровец

### Рок на реализација

2028

## Градење инфраструктура за одржлив развој на туризмот како стратегиска гранка за Општина Петровец во Катланово, Катлановска Бања, Градманци, Брезица, Бадар, Блаце, Кожле, Летевци.

Општина Петровец ќе се насочи кон активности во различни области на дејствување, а со цел создавање услови за одржлив туристички развој и поттикнување и развој на туризмот, со таа цел ќе се зафати со:

- Изградба на туристичка инфраструктура
- Утврдување и уредување на локални туристички зони
- Градежни и проактивни активности - техничка документација за поттикнување на туризмот
- Поттикнување и афирмација на јавни приватни партнерства за развој на туризмот

### Влијание на проектот:

Развој на екотуризмот, спортско-рекреативниот, бањскиот и ловниот туризам

### Целна група:

Сите жители

### Рок на реализација

2029

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Петровец

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Петровец

- Изградба на улични тротоари од двете страни на ул. „11" - крак од регионален пат R1102.
- Возобновување на подрачната противпожарна станица во соработка со Противпожарна бригада — Скопје.
- Воведување дежурна служба во амбуланта како во минатото со можност и цел за подигање на ниво од амбуланта до поликлиника.
- Изработка на детален урбанистички план за Петровец.
- Изградба и реконструкција на пешачка патека на ул. „1" од „Стокомак" до црквата.

## Огњанци

- Изградба на канализација онаму каде што нема, со тенденција сите жители да имаат канализациско поврзување.
- Изградба и реконструкција на локални улици со осветлување и тротоари.
- Партерно, урбано и хортикултурно уредување на просторот кај автобуската постројка 62.
- Уредување и редовно чистење на одводните канали.
- Изградба на велосипедска и пешачка патека со паметно осветлување покрај општинскиот пат од десна страна во насока на Петровец.

## Ржаничино

- Изградба на пречистителна станица за отпадни води.
- Изработка на канализација на крак од улица „4" , покрај црквата.
- Изградба на пешачка патека десна страна од ДАЛ-ДАКО до ДМ
- Реконструкција и урбано опремување на плоштад и повлекување на автобуската постројка понапред во насока на Катланово и поставување нова од проѕирен плексиглас заради прегледност на раскрсницата.
- Изработка на локални улици и тротоари во Блок 6 и редовно чистење и одржување на одводната каналска мрежа.

## Катланово

- Изградба на локален пат од православните до муслиманските гробишта и негово осветлување.
- Изградба на локален пат до манастирот „Св. Илија" и до црквата „Св. Недела".
- Реконструкција на патот од Катланово до Кочкова населба.
- Урбано уредување на простор со Летниковец за одмор на посетители во Катлановска Бања.
- Изведба на канализациска мрежа

**Сушица**

- Реконструкција на постојниот резервоар за чиста вода и решавање проблем со водоснабдување.
- Приклучување на далноводот за напојување со електрична енергија од населено место Горно Коњари за да се реши проблемот со електрична енергија
- Изградба и поплочување на локални улички комплет со електрично осветлување.
- Изградба на Видиковец- летниковец со урбана опрема и паркче на ридот кај крстот.
- Редовно одржување на патниот правец Горно Коњари до Сушица со странично чистење и сечење на џбунестите растенија.

**Горно Коњари**

- Реконструкција и опремување на мини спортско игралиште во училишниот двор во подрачно училиште Братство - Единство.
- Реконструкција и опремување со урбана опрема и реквизити за рекреација на постојното детско игралиште покрај улица бр. „2".
- Изградба на летниковец - видиковец со уредено паркче над манастирот „Св. Богородица".

**Средно Коњари**

- Ископ и изградба на нов бунар за чиста вода за пиење и дотур на вода до резервоар, односно решавање на проблемот со водоснабдувањето.
- Изградба и опремување со монтажна трибина и рефлекторско осветлување на фудбалско игралиште во Средно Коњари.
- Изградба и асфалтирање на патот до гробишта во Средно Коњари.
- Изградба на нов објект на месна заедница во Средно Коњари.
- Изградба на локални улици, канализации и пречистителна станица во месноста.

**Долно Коњари**

- Изградба на детска градинка – клон на постојната АВИОНЧЕ во населено место Долно Коњари.
- Реконструкција и доградба на постојното училиште Братство – Единство во Долно Коњари.
- Канализациска и водоводна мрежа и изградба на пречистителна станица.
- Изградба, приклучување на нови и реконструкција на постојните улици.

**Ќојлија Чифлик**

- Реконструкција на патот крак од регионален до село Чифлик.
- Приклучување на далноводот, односно новата трафостаница за напојување со електрична енергија во с. Чифлик.
- Изградба, поплочување, приклучување на нови и реконструкција на постојните локални улици со паметно осветлување во Ќојлија и Чифлик.
- Изградба на мини спортски и детски терени со урбана опрема и спортски реквизити.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА